Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

# ПРВ ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 2018-2022 И АКЦИСКИ ПЛАН

Септември 2018 година

# Содржина

1. РЕЗИМЕ......4
2. ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД......5
3. ПРЕГЛЕД СПОРЕД ПОСЕБНИ ЦЕЛИ......7
4. ПРЕДИЗВИЦИ И СЛЕДНИ ЧЕКОРИ......23

Листа на кратенки

| **Кратенка** | Значење |
|---|---|
| **АА** | Агенција за администрација |
| **АП** | Акциски план |
| **ВРМ** | Влада на Република Македонија |
| **ГС** | Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија |
| **ЕК** | Европска Комисија |
| **ЕЛС** | Единици на локална самоуправа |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| **ЕРП** | Економска реформска програма |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЗАС** | Закон за административни службеници |
| **ЗВЈС** | Закон за вработените во јавниот сектор |
| **ЗЕЛС** | Заедница на единици на локална самоуправа |
| **ЗОРОДУ** | Закон за организација и работа на органите на државна управа |
| **ЗОУП** | Закон за општата управна постапка |
| **ЦАФ** | Заедничка рамка за оценка CAF |
| **ИСУЧР** | Информационен систем за управување со човечки ресурси |
| **ИКТ** | Информациско комуникациски технологии |
| **КОМСПИ** | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **МП** | Министерство за правда |
| **НПАА** | Национална програма за усвојување на европското законодавство |
| **ПВР** | Проценка на влијание на регулативата |
| **РЈА** | Реформа на јавна администрација |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **СИГМА** | SIGMA (Support for Improvement in Governance and Management), заедничка иницијатива на ОЕЦД и Европската Комисија |
| **СЗ** | Секретаријат за законодавство |
| **ССРД** | Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор |
| **СУУ** | Систем за управување со учењето |
| **УЧР** | Управување со човечки ресурси |

## 1. РЕЗИМЕ

Општата цел на системот за следење, известување и евалуација на секоја јавна политика е да се соберат податоци за примената на оваа политика, да се види дали планираните активности се спроведуваат како што е предвидено и да се процени напредокот постигнат благодарение на оваа политика во однос на целите и на очекуваното влијание како што е дефинирано од страна на Владата. Крајната цел на мониторингот е да се донесат навремени одлуки со цел да се подобрат резултатите од оваа политика и можните промени во текот на имплементацијата.

Следењето и известувањето за процесот на реформата на јавната администрација го спроведува Министерството за информатичко општество и администрација, кое на секои шест месеци до Советот за РЈА, а еднаш годишно до Владата на РМ доставува Извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за РЈА 2018-2022.

Овој документ претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и Акцискиот план постигнат во периодот февруари – јуни 2018 година.

Извештајот содржи детални информации за активностите кои завршиле или требало да завршат во периодот на известување, кој во овој прв полугодишен извештај ги опфаќа активностите предвидени да бидат започнати и реализирани во првиот и вториот квартал од 2018 година (односно до крајот на јуни 2018 година) како и активностите кои започнале да се спроведуваат во периодот на известување кој ги опфаќа првиот и вториот квартал (до крајот на јуни 2018 година), а треба да завршат во наредните квартали.

Во овој извештај статусот на конкретните активности ќе биде претставен на три нивоа и со три бои во зависност дали активноста е “целосно спроведена” (зелена боја), дали е “во тек на спроведување” (жолта боја) или спроведувањето на активноста значително “доцни” или не е отпочнато (црвена боја). "Целосно спроведена" активност е онаа што е во планираниот рок, предвиден во АП е реализирана потполно. “Во тек на спроведување” е активност чие што спроведување започнало во предвидениот рок, но остануваат уште мал број задачи кои треба да се спроведат и планираниот рок за завршување на активноста ќе биде надминат. “Доцни” е: (1) активност чие што

спроведување отпочнало во рок, но останувaат уште многу задачи и извесно е дека планираниот рок согласно АП ќе биде значително надминат (за два или повеќе квартали); или (2) активност чие што спроведување воопшто не отпочнало во планираниот рок согласно АП. Оценката за реализација од стручен аспект ја утврдува МИОА врз основа на информациите пополнети (во колона 7, 8 и 9) од страна на институцијата задолжена за спроведувањето. Оценката може да претрпи измени по анализата на МИОА и спроведените дискусии со институцијата задолжена за спроведување на активноста.

## 2. ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД

За потребите на шестмесечниот процес на извесување за иплементацијата на АП за Стратегијата за РЈА, се користеше посебен образец во електронска форма. Секој надлежен административен службеник од институциите кои се носители на активности од АП на Стратегијата за РЈА беше задолжен да внесе податоци во соодветните колони, кои се од значење за успешно следење на спроведувањето на реформата на јавната администрација.

Од вкупно 72 активности за кои се известува во наведениот период, целосно спроведени се 27 активности, спроведувањето е во тек на 36 активности, а 9 активности доцнат или не се отпочнати.




*Дијаграм 1: Графички приказ на степенот на спроведување на сите активности за кои е побаран извештај за периодот до јуни 2018 година*




*Графикон 1: Графички приказ за бројот на целосно спроведени, делумно спроведени и не спроведени активности од секоја приоритетна област*

Од вкупно 72 активности кои ги следиме за првиот и вториот квартал на 2018 година, МИОА е одговорна за реализација на 52 активности, Министерството за финансии е одговорно за реализација на 1 активност, Генералниот секретаријат на Владата на РМ за 18 активности, Канцеларија на претседателот на Владата на РМ за 1 активност.

| Бр. | Органи на државна управа | Вкупен број на активности за периодот до јуни 2018 година: | Целосно спроведени | Делумно спроведени | Доцни |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Министерство за информатичко општество и администарција | 52 | 15 | 28 | 9 |
| 2. | Министерство за финансии | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 3. | Генерален секретаријат на ВРМ | 18 | 12 | 6 | 0 |
| 6. | Канцеларија на Претседателот на Владата на РМ | 1 | 0 | 1 | 0 |
| | Вкупен број: | 72 | 27 | 36 | 9 |
| | Процент: | 100% | 38% | 50% | 12% |

*Табела 1: Приказ на вкупниот број на активности и нивото на реализација по одговорните институции*

## 3. ПРЕГЛЕД СПОРЕД ПОСЕБНИ ЦЕЛИ

### ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1: КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА

**Општа цел: Ефективно, ефикасно и инклузивно креирани политики**

**Посебна цел 1.1: Зајакнато среднорочно и секторско планирање заради остварување на приоритетите на Владата**

За постигнување на оваа посебна цел ќе се спроведат мерки насочени кон обезбедување на усогласеност помеѓу планските документи (ГПРВ, НПАА, ЕРП) и со секторските стратегии, зајакнување на институционалните и човечките капацитети во министерствата и другите органи на државна управа, како и обезбедување на конзистентност на хоризонтално и вертикално ниво на планирање.

Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Подготвени се следните документи: 1) Анализа на регулативата и праксата по однос на планските документи во РМ преку примерок од усвоени стратегии во РМ и најдобри практики од аспект на секторските стратегии; 2) Анализа на примерок од 5 усвоени стратегии во РМ со цел зајакнување на системот за планирање преку обезбедување на механизам за усогласување на долгорочното со среднорочното и годишното планирање (Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022[1], Национална стратегија за развој на културата во РМ во периодот 2018-2022[2], Национална стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023)[3], Стратегија за развој на полицијата (2016-2022)[4] и Стратегијата за образованието за 2018-2025 година и Акциски план[5]; 3) Компаративна анализа и анализа на најдобри практики од аспект на секторските стратегии во Република Црна Гора, Република Србија, Република Хрватска, Република Косово, Република  Албанија и Република Турција.

---

1 http://www.mio.gov.mk/?q=mk/node/1587

2 http://www.kultura.gov.mk/index.php/legislativa/60-2013-02-27-10-20-24/3949-nacionalona-strategija-za-razvoj-na-kulturata-vo-republika-makedonija-vo-periodot-2018-2022

3 http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20za%20MSP%20-%20finalna%20verzija%2003%2004%202018%20.pdf

4 http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/publikacii%20pdf/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0%202016-2020%20(1).pdf

5 http://mon.gov.mk/index.php/2014-07-23-14-03-24/vesti-i-nastani/2168-2018-2025

По разгледување и усвојување на Анализа на регулативата и праксата по однос на планските документи во РМ преку примерок од усвоени стратегии во РМ и најдобри практики од аспект на секторските стратегии од страна на Владата на РМ ќе се пристапи кон подготвување на акт – Методологија -Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при изработката на секторските стратегии, нивно спроведување, оценување на постигнатите резултати и известување.

Извршена е анализа на интерните процеси, функции и човечки капацитети за стратешко планирање во 15те министерства и 3те секретаријати и преку сумирање на добиените податоци, изготвена е Информација за извршената анализа на внатрешните процеси, функциите и човечките ресурси за стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа со заклучни согледувања и препораки.

**Посебна цел 1.2: Подобрен квалитет на политиките и законите и обезбедување на транспарентност и учество на засегнатите страни**

За постигнување на оваа посебна цел ќе се спроведуваат мерки насочени кон зајакнување на институционалните и административни капацитети за креирање на политики засновани на анализи, зајакнување на механизмите за координација и следење на политиките и законите, како и зајакнување на транспарентноста и учеството на засегнатите страни.

Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Во рамките на ИПА Проектот "Поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација во модернизација на јавната администрација", отпочнати се активности за унапредување на квалитетот на ПВР и на законодавниот процес преку анализа на законодавната постапка и утврдување на слабостите како и на постоечките правни акти, прирачници и други алатки со цел оценување на нивната актуелност, корист и употреба. Во тек е подготовката на предлог за зголемување на ефикасноста на механизмите за вклучување на засегнатите страни на транспарентен начин кој ќе вклучува и дефинирање на начин на прибирање на

иницијативи за политики доставени од засегнатите страни до Владата, транспарентно објавување и образложување на прифатените/неприфатените иницијативи, објавување на годишни извештаи во однос на иницијативите. Истовремено, отпочнати се активности за надградба на ЕНЕР со можност за поднесување на Online иницијативи и предлози од засегнатите страни и интеракција со министерствата, како и донесување на насоки за користење на системот за е-седница и ЕНЕР.

**Посебна цел 1.3: Зајакната ефикасност на процесите, структурите и контролните механизми за хоризонтална координација и следење на политиките, како и зајакната ефикасност на процесот на одлучување на ВРМ**

За постигнување на оваа посебна цел ќе се спроведуваат мерки насочени кон зајакнување на аналитичките капацитети во однос на содржината политиките, координација, системот за донесување на одлуки на ВРМ, следење и известување („Центар на Владата").

Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Подготвен е Нацрт извештај од спроведената функционална анализа во ГС со наоди и препораки. Активностите се спроведени согласно Методологијата за спроведување на ФА -Тимот за ФА подготви Нацрт извештај од спроведената функционална анализа на ГС со наоди и препораки.

Формирана е работна група во ГС на ВРМ за анализа на регулативата и праксата во однос на механизмите за координација помеѓу ГС, МФ, МИОА, СЕП и СЗ која што подготви Информација за воспоставување механизми за координација помеѓу органите на државната управа кои ги извршуваат функциите на "Центар на Владата". Информацијата ќе се прати до засегнатите институции на мислење и ќе се организира координативен состанок (на кој ќе се ревидираат препораките).

Во соработка со Меѓународниот републикански институт (ИРИ) се спроведува активноста: Анализа на: (1) системот, механизмите и телата за донесување на одлуки на ВРМ (Генералниот колегиум на државни секретари и основните комисии на ВРМ); (2) оптеретеноста на ВРМ со несуштински одлуки (3) утврдување на потребното ниво

за донесување на одлуки и категоризација на одлуки за кои треба да одлучува Владата и оние кои можат да преминат на ниво на министрите. Завршен е скрининг од страна на ИРИ. Подготвени се Насоки во врска со видот материјали што се доставуваат за разгледување до Владата на РМ и истите се однесуваат на министерствата, органите во состав, акционерските друштва и јавните претпријатија, а во Клубот на органите на управата спроведени се три обуки со директори на ЈП и АД и уште една обука следи да се реализира согласно планот. На 9.6.2018 година одржана е Работилница на Влада на РМ за внатрешна координација и консензус за спроведување реформски приоритети на која ИРИ ги презентирале наодите од скринингот (за зголемена ефикасност на седниците на Владата).

Во документот„Предизвици и препораки за подобрување на законодавниот процес" на Националниот демократски институт – НДИ, прв нацрт, јуни 2018 година содржани се препораки за соработката на ВРМ и Собранието на РМ. Воедно, воспоставена е практика за редовно одржување на координативни состаноци/средби помеѓу генералните секретари на Собранието и Владата и шефовите на Кабинетот на претседателот на Собранието и на Канцеларијата на претседателот на Владата, подготовки за Собраниски календар.

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2: ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**Општа цел: Стручна, професионална и департизирана администрација**

**Посебна цел 2.1: Деполитизација на администрацијата преку зајакната примена на начелата на заслуги (merit), еднакви можности и соодветна и правична застапеност, како и професионализација на високите раководни позиции (senior civil service)**

За остварување на оваа посебна цел се преземаат мерки насочени кон намалување на ризиците од партизација на администрацијата, преку унапредување на постапките за селекција, вработување и унапредување врз основа на начелата на заслуги, еднаков и фер третман и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците. Мерките вклучуваат и професионализација на високите раководни позиции преку јасно разграничување помеѓу политичкото и професионалното ниво (воведување на категорија „висока раководна служба" – „senior civil service") што ќе придонесе кон намалување на политичките влијанија, зајакнување на капацитетите на раководните

структури, како и зголемување на одговорноста и отчетноста. Ќе се направат напори за унапредување и Заради постигнување на поголема ефикасност и ефективност во работењето, системот за оценување на административните службеници ќе се редефинира со што ќе се постават основите за наградување според учинокот за да може во подоцнежните фази од реформата да биде поврзан со системот на плати.

За постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

- Со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, МИОА спроведе обука за 50 административни службеници - потенцијални членови на комисиите за селекција, од редот на вработени во одделенијата за управување со човечки ресурси. Преку обуката, учесниците од различни институции од јавниот сектор се стекнаа со знаења за постапките за вработување и унапредување на административни службеници, со посебен акцент на спроведување на структурирано интервју, базирано на компетенции. Ова ќе придонесе кон зајакнување на капацитетите на членовите на комисиите за селекција при вработување и и унапредување за објективно и непристрасно спроведување на интервјуто и бодирање на новите кандидати за административни службеници и на административните службеници кои може да бидат унапредени, што за резултат треба да има избор на најдобриот кандидат за конкретно работно место.
- Со поддршка на СИГМА и Центарот за управување со промени, МИОА пристапи кон развивање на концепт за Висока Раководна Служба (ВРС). Беше формирана работна група со претставници од МИОА, Кабинет на Претседател на Владата на Република Македонија, Агенција за администрација, Министерство за финансии, Министерство за локална самоуправа, Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија, Секретаријат за европски прашања и Агенција за вработување на Република Македонија. Се одржаа неколку работни состаноци. На дел од истите присуствуваа и експерти од Белгија и Португалија. Како резултат на досегашната работа, изготвен, презентиран и дискутиран беше Нацрт на Концепт - документ за создавање на Висока Раководна Служба (ВРС), односно за професионализација на високите структури на управување, кој ги разработи прашањата поврзани со воспоставувањето и функционирањето на ВРС: опфатот, правниот статус и мандат, изборот и вработувањето, обуката и развојот, управувањето со резултати, Комисијата за селекција на ВРС, правната процедура за

воспоставување и преодниот период за актуелните носители на функции кои би биле дел од идната ВРС. Меѓу другото овој Нацрт на Концепт документ, исто како и АП, претпостави донесување на нов посебен закон за создавање на ВРС со кој на единствен и систематичен начин би се надминала состојбата на дефрагментираност и регулирање на овие прашања во посебни закони.

- Воспоставена е ефикасна платформа за комуникација и зголемен % на задоволни членови на Мрежата за ЧР од добиената поддршка од Мрежата. Одржани се 2 средби во потесен состав на кои се работеше на текстот на Деловникот за работа на Мрежата за ЧР. Овој Деловник треба да биде усвоен од страна на членовите на Мрежата за ЧР на Конференција која со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје е планирана да се одржи во ноември 2018 година во Скопје.

- Се изврши ревизија на постојниот подзаконски акт за оценување на административните службеници во насока на негово усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ број 11/2018) и поедноставување на обрасците за оценување на административните службеници.[6]

**Посебна цел 2.3: Воспоставен систем за професионален развој на службениците, спроведуван од Академијата за стручно усовршување на административни службеници**

Мерките за постигнување на оваа посебна цел се насочени кон изградба на оперативен и функционален систем за спроведување на обуки за административните службеници кој ќе располага со потребните капацитети да обезбеди систематизирано и континуирано професионално усовршување на административните службеници.

[6] Правилник за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на извештајот за полугодишно интервју, поблиските критериуми за начинот на оценување на административниот службеник, формата и содржината на обрасците за оценување, формата и содржината на извештајот со ранг листа на годишни оценки, содржината на извештаите и начинот на оценување на административните службеници во други околности, како и поблиските критериуми за начинот на оценување, и начинот на реализација на мерките за одличен и слаб учинок на административен службеник во институции со помалку од 20 административни службеници, („Службен весник на РМ“ бр. 63 од 10.4.2018 година

За постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Во рамки на програмата Поддршка на процесот на реформа на јавната администрација, поддржана од Британската амбасада во Скопје, изработена е Анализа за можните модалитети за воспоставување на Академија за стручно усовршување на административните службеници. Анализата вклучува компаративен преглед на институциите одговорни за обука во 9 европски земји и тоа на: статусот и видот на институцијата, организацијата и начинот на финансирање, опфатот на корисниците, како и обемот и видот на испорачуваните обуки. Даден е и преглед на јаки и слаби страни, недостатоци и слабости на постојните опции во контекст на актуелната состојба по ова прашање во Република Македонија. Анализата дава заклучоци и препораки за модалитетот и идниот статус на актуелната Академија - Сектор за обука, кој во моментов е организациона единица во МИОА. Анализата ќе биде основа за идното законско решение, кое за резултат треба да има одржлива институционална форма за стручно усовршување, преку која ќе се создава и континуирано ќе се унапредува административниот капацитет во РМ.

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3: ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**Општа цел: Одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите**

**Посебна цел 3.1: Развиена кохерентна институционална поставеност на органи на државната управа, агенции и инспекциски служби од централната власт со јасно утврдени структури на отчетност**

Фокусот при остварување на оваа посебна цел е ставен на реорганизација и оптимизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби на централната власт со цел да се обезбедат структури со јасно утврдени линии на отчетност и без преклопување или дуплирање на надлежности што би придонело кон ефикасност во работењето, јасно распределени надлежности, координација, управување, како и квалитетно давање на услуги.

Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Во рамки на проектот Functional Reform Assistance to MISA поддржан од УНДП Канцеларијата во Скопје, се спроведе сеопфатна анализа на законската рамка која ја уредува институционалната поставеност на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби од централна власт. Врз основа на анализата се подготви Извештај за резултатите од мапирањето на институциите од јавниот сектор, фунцкионална анализа и препораки за започнување на процесот на реформа на јавната администрација, во кој се групирани институциите според вид и статус. Во Извештајот се нотира и актуелната состојба со институциите во однос на преклопувањата на надлежностите и линиите на отчетност, се дава преглед на законската рамка за основање на институции. Дополнително, Извештајот вклучува препораки и предлози за надминување на идентификуваните проблеми, а во насока на зголемување на ефикасноста и ефективноста на институциите. Во однос на инспециските служби, хоризонталната функционална анализа за истите беше изработена од надворешни експерти во рамки на проектот Модернизација на инспекциски служби поддржан од УСАИД, а спроведуван од Идеас ДеПо, во соработка со МИОА. Целта на оваа анализа беше да се предложат препораки за унапредување на ефикасноста и ефективноста во спроведување на инспекцискиот надзор; за подобрување на организациската поставеност на инспекцискиот надзор; за подобро искористување на човечките, финансиските и управувачките ресурси; како и за унифицираност при примената на прописите. Погоре наведените анализи ќе бидат основа за спроведување на хоризонталната функционална анализа.

Во рамки на проектот Functional Reform Assistance to MISA, поддржан од УНДП Канцеларијата во Скопје исто така се подготви и Каталогот на институции каде се мапирани сите институции според видот и статусот, но во тек е проверка на податоците од страна на МИОА, по што истиот ќе биде поставен на веб страната на МИОА.

**Посебна цел 3.2: Воспоставени ефективни и ефикасни механизми кои обезбедуваат отчетност во органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централна власт**

За постигнување на оваа посебна цел ќе бидат спроведени мерки кои ќе бидат насочени кон зголемување на ефикасноста и ефективноста во јавната служба, како и зајакнување на одговорноста и отчетноста на раководните структури во органите на

државната управа, агенциите и инспекциските служби од централна власт преку воведување на стандарди засновани на управување врз основа на резултати.
Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Во рамки на програмата Поддршка на процесот на реформа на јавната администрација, поддржана од Британската амбасада во Скопје, се подготви Методологија за спроведување на функционална анализа, во која е вградено британското искуство за проверка на подготвеноста на институциите (Capability review). Методологијата предвидува процесот на функционалната анализа да заврши со план на мерки и активности за подобрување на анализираните области (раководење, внатрешна структура, подготвеност за исполнување на стратешките цели, комуникација и др.), кој треба да биде одобрен од раководството на институцијата во која се спроведува функционална анализа, но уште поважно редовно да се следи неговото исполнување. Нацрт- Методологијата беше пилотирана во МИОА и МТСП, по што се подготвија извештаи за спроведени функционални анализи и планови за подобрување. Претставници од редот на вработените во одделенијата за управување со човечки ресурси од 15 институции беа обучени за нејзина примена. Методологијата треба да биде корисна алатка за институциите од јавниот сектор во процесот на нивна внатрешна реорганизација, оптимизација и унапредување, што за резултат треба да има економично, ефикасно и ефективно остварување на надлежностите и полесно и побрзо давање на услуги. Методологијата е објавена на веб страната на МИОА со цел да биде достапна за сите институции. ФА е спроведена и во МНР (како што е и планирано во АП), меѓутоа спроведена е по стара методологија заради итната потреба на министерството за спроведување на истата.

### Посебна цел 3.4: Зајакната транспарентност на институциите и подобрување на комуникацијата

За постигнување на оваа посебна цел се предвидени мерки кои ќе го олеснат пристапот на граѓаните и бизнис заедницата до информациите од јавен карактер и до отворените податоци.

Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Донесена е Стратегија за отворени податоци 2018-2020 со Акциски план и одржана е конференција на која е извршена презентација на нацрт Стратегијата и Акцискиот план за отворени податоци и остварена е дебата за можностите и придобивките од отворените податоци. Во подготовката на Стратегијата за отворени податоци 2018-2020, учествуваше работна група, чиј носител беше Министерството за информатичко општество и администрација заедно со Центарот за управување со промени, а членовите на работната група беа од владиниот и граѓанскиот сектор. Ваквата структура на работната група придонесе стратегијата да ги опфати сите сегменти од процесот на отварање и реискористување на податоци. Стратегијата за отворени податоци дефинира стратешки цели со кои ќе се поттикне објавувањето и користењето на отворените податоци, со цел да се придонесе кон зголемување на транспарентноста и отчетноста на државните институции, да се подобри квалитетот на услугите кои тие ги нудат и во исто време да се поттикнат иновациите. Со тоа, ќе се придонесе кон економски развој и развојот на општеството во целина. Стратегијата за отворени податоци има за цел да создаде динамичен екосистем на отворени податоци во кој податоците се произведуваат, отвораат, збогатуваат и повторно се користат од различни чинители од јавниот, приватниот, академскиот и граѓанскиот сектор. Тоа ќе доведе до подобрување на испораката на услуги и ефикасноста на јавниот сектор, зголемување на учеството на граѓаните, како и поддржување на напорите за борба против корупцијата и придонес во создавањето на иновативна клима со нови економски можности за бизнис секторот. Оваа стратегија ќе има позитивно влијание на евро-интегративните процеси на Република Македонија кои се однесуваат на транспарентноста и отчетноста на Владата, а особено целите дефинирани во директивата за користење на информациите од јавниот сектор и други мерки кои се во насока на отворање на информациите од јавниот сектор. Дополнително, отпочнати се активности за реализација на мерките и активностите од Акцискиот план за стратегијата за отворени податоци 2018-2020 (усвојување на Меѓународна повелба за отворени податоци од страна на ВРМ, формирање на тим за отворени податоци во МИОА, работна група со засегнати страни за следење на имплементацијата на стратегијата, продукциска верзија на новиот портал за отворени податоци www.data.gov.mk )

Конечно, во насока на подигнување на свеста кај граѓаните и бизнис заедницата во однос на концептот на отворени податоци, во јуни 2018 се оджа конференција на која се изврши презентацијата на нацрт Стратегијата и Акцискиот план за отворени

податоци. Во рамки на конференцијата се отвори и дебата за можностите и придобиките од отворени податоци.

**Посебна цел 3.5: Подобрена ефикасност на управните постапки и доследна примена на ЗОУП**

За постигнување на оваа посебна цел ќе бидат преземени мерки кои ќе бидат насочени кон зајакнување на механизмите и капацитетите за обезбедување на ефикасност при спроведување на управните постапки.

Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Со поддршка на СИГМА, локален експерт и Тимот за ЗОУП од МИОА одржани се состаноци со претставници од јавните првостепени органи кои имаат најмногу предмети во управна постапка и со второстепените комисии, на кои се разменети искуствата од досегашната примена, како и за важноста и потребата од нивно учество и соработка при изготвување на Извештајот за примената на ЗОУП од 2016 до 2018 година. Едновремено, се спроведоа две анкети: една за јавните првостепени органи и втора за второстепените органи кои одлучуваат во управна постапка. Одговорите на анкетата беа основа за Нацрт- Анализата на примената на ЗОУП од која се очекува да даде препораки за идна подобрена примена на ЗОУП.

Во рамки на поддршката на МИОА од страна на СИГМА спроведена беше основна обука за ЗОУП на 4 вработени од МИОА кои би ја сочинувале почетната структура за давање на помош и совети на административните службеници од јавните органи и на засегнатите страни при практична имплементација на ЗОУП. Оваа структура ќе биде основата на посебен организациски облик - Одделение за поддршка на имплементацијата ЗОУП.

Во функција на стандардизирано водење на управната постапка од страна на првостепените јавни органи и примена на начелото на делегирање на надлежноста за решавање во управна постапка, во рамки на ИПА Проектот "Поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација во модернизација на јавната администрација" се развија две алатки: Насоки за примена на ЗОУП во водење на постапките до донесување на управните акти и Насоки за примена на

ЗОУП за делегирање на надлежноста за решавање во управна постапка и за донесување на управни акти, што ќе овозможи подобрено и поефикасно спроведување на управните постапки, а со тоа и подобрување на испораката на услугите кон граѓаните и бизнисите.

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 4: ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

**Општа цел: Обезбедени услуги на брз, едноставен и лесно достапен начин**

**Посебна цел 4.1: Рационално инвестирање во развојот на дигиталната средина**

Оваа посебна цел подразбира планирано, организирано и централизирано координирање на дигиталната трансформација заради обезбедување на постојан развој и подобрување на квалитетот на услугите и одржливост на јавните инвестиции во ИКТ.

Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Владата на Република Македонија во февруари 2018 год. го формираше Национален совет за ИКТ (А.4.1.2.3), заради изготвување и следење на имплементацијата на Националната ИКТ стратегија, како и за давање на мислење на годишните планови за јавни набавки и на техничките спецификации на тендерските документации на институциите од јавниот сектор, каде што како предмет на набавката е ИКТ опрема и/или софтвер, а чијашто вредност е поголема од 20.000 евра во денарска противвредност. На педесет и осмата седница на Владата на Република Македонија ја разгледа Информацијата во врска со активностите за анализа на моменталната состојба во областа на ИТ во сите институции во јавниот сектор во РМ и ги задолжи/им укажа на институциите да достават одговори на анкетниот прашалник подготвен за истата. На истат седница ВРМ ги задолжи/им укажа на институциите да плановите за јавни набавки за ИКТ опрема и софтвер без разлика дали се планира да се набават со средства од буџет, донации или странски фондови, ги достават до ИКТ советот. Исто така, од страна на Националниот совет за ИКТ од Секретаријатот за европски прашања побара листа на проекти преку ИПА и др. странска помош (во тек или планирање/програмирање, ИПА 2010-ИПА 2020), а во кои како

набавка/планирање се јавува опрема или софтвер, односно се од ИКТ областа, а со цел координација на ИПА средствата и буџетските средства, во набавките од ИКТ област. Истите ќе бидат предмет на разгледување на ниво на оперативно тело (формирано за поддршка на Советот), како и од страна на самиот совет во наредниот период. Целата на оваа активност (А.4.1.1.5) која е започната не е само да изнајде план за рационално инвестирање, но од друга страна и да по завршување на инвестициските проекти, тие се добро користени и одржувани со националните буџетски средства. Планот ќе биде во координација со едно од отворените прашања во ИПА Мастер планот што се разгледува како претточка на седница на Владата, а е поврзан и со недостигот на ИТ кадар, недостиг на средства за оддржување или надрградба, но и со инвестирање на паралелни и системи кои по набавката не комуницираат меѓу себе. Студија за изводливост за можни начини за институционално решение за централно координирање и управување со проектите од областа на е-влада и ИКТ, со препораки и акциски план (А.4.1.2.4) ќе биде вистински предизвик и иако е планирано да биде направен без финансиски импликации, донаторска/експертска помош, како искуства од др. земји би била од корист.

Во текот на периодот за кој се известува, министерот за информатичко општество и администрација, како ресорен министер за информатичко општество и претставник од Националниот совет за ИКТ, потпиша Меморандум за соработка со УСАИД за подготовка на roadmap за Национална долгорочна ИКТ стратегија, која би била во линија со Дигиталната агенда 2020. Истата, со експертска помош од ЕУ ќе почне да се пишува кон крајот на годината. Поради оваа причина, а со цел усогласување и воведување на сите стратегии од ИКТ областа под нејзиниот чадор, развивањето на Стратегија за е-влада и Акциски план за спроведување (А.4.1.1.1) како и развивањето на Политика за користење на „Облак“ инфраструктура (А.4.1.1.2), предвидено е да се вклучат во оваа долгорочна ИКТ Стратегија.

Во прашалникот кој беше споменат погоре, дел од прашањата се однесуваа и за состојбата со ИТ кадарот во институциите. Анализата на овој прашалник е во тек, но во исто време, во насока на реализација на активноста поврзана со состојбата на ИТ кадарот со препораки и мерки за задржување и мотивација на ИТ кадарот во администрација (А4.1.2.1), подготвен е иницијален сет на прашања за институциите за ИТ кадарот што ја напуштиле организацијата и прашања до самите ИТ вработени за нивно задоволство. Во наредниот период, прашалникот ќе биде финализиран и

пратен до сите институции. Анализата и начинот на кој ќе се мотивираат вработените во ИТ секторите да останат во администрацијата, ќе бидат разгледани од страна на Националниот совет за ИКТ и ВРМ. Оваа анализа е голем предизвик и би било добро доколку успееме да ја спроведеме со некоја донаторска помош. Особено значајни ќе бидат препораките и мерките кои ВРМ треба да ги превземе за да го задржи ИТ кадарот, но и да привлече нов во администрацијата.

Тргнувајќи од фактот дека дигитализацијата како процес оди многу брзо напред, почнати се активности околу развој на програма за обука за подобрување на дигиталната писменост на вработените во администрацијата (А.4.1.2.5). Реализацијата на истите ќе биде предизвик, во смисла на обезбедување на финансиски средства од страна на донатори.

Во однос на Уредбата за канцелариско и архивско работење со електронска размена (А.4.1.3.4), формирана е работна група која ќе изврши процена во контекст на измените во регулативата која ги уредува електронските документи. По идентификувањето дека е неопходно вклучување на претставници на Државен архив на РМ (ДАРМ), започнати се првите чекори и состаноци со нив. Со ДАРМ е направена координација и во однос на системот за управување со документи во институциите (ДМС) (А.4.1.3.5), за кој е спроведен технички дијалог и усна расправа по однос на тендерска документација со засегнатите економски оператори.

Со експертска помош обезбедена во рамки на ИПА Проектот "Поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација во модернизација на јавната администрација" ќе биде извршена анализа на тековните потреби и ќе биде изработена Студија за можни системи за електронска идентификација и автентикација во администрацијата, со препораки (А.4.1.3.6).

**Посебна цел 4.2: Зголемен квалитет и достапност до услугите**

Оваа посебна целподразбира обезбедување на квалитет и достапност на јавните услуги, по мерка и согласно со очекувањата на крајните корисници на услугите, вклучувајќи и лицата со попреченост.

Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

МИОА заедно со КПВРМ започна активности за развивање на Стандарди за веб-присуство и реорганизација на веб локациите на државните органи (А.4.2.1.1 и А.4.2.1.4). Стандардите за квалитет на податоци пак (А.4.2.3.1) се подготвени и истите ќе бидат достапни на web страницата на МИОА. За овие стандарди беа одржани и индивидуални состаноци со институциите и 2 работилници за подобрување на документот. Во наредниот период ќе биде предизвик и развојот на стандарди за давање на услуги, како и насока на нивна имплементација (А.4.2.3.5) и имплементација на сите ИТ стандарди воопшто.

Национална рамка за управување со квалитет во форма на Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор за периодот 2018-2020 година[7] беше усвоена на Осумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 24.07.2018 година. Направена е анализа на потребите на институциите од јавниот сектор за поддршка во имплементација на инструментите за управување со квалитет и беше подготвена програма за различни видови на обуки за стандарди и модели за управување со квалитет.

Во Каталогот на услуги се внесени податоци од 50 закони во кои има услуги за граѓаните[8]. Одржани се обуки за верификаторите од соодветните институции и во тек е нивно верифкување. Исто така, во соработка со Британската амбасада во фаза на потпишување е договор во кој е предвидено внесување на податоци од останатите закони во кои има дефинирано услуги за граѓаните, но и за бизнисите (за порталот е-услуги кој ќе биде една точка за услуги за граѓаните и бизнисите). Во оваа листа ќе влезат и законите кои се потребни за проектот Business process management system да бидат во таа група од околу 150-200 закони, а нејзиното дефинирање е во завршна фаза.

Министерството за информатичко општество и администрација подготви просторија „Сала за јавни услуги“ именувана и како „Една точка на услуги“ која ќе им овозможи на граѓаните од едно место од една локација да добијат повеќе услуги, без потреба да шетаат од институција до институција (А.4.2.5.1). Со заклучок Владата на Република Македонија, ги задолжи односно препорача на вклучените институции од редот на своите вработени да назначат одговорно лице за организација на нивниот шалтер во

[7] http://www.mio.gov.mk/?q=mk/node/1957

[8] Проект „Граѓански ориентиран пристап при испорака на јавни услуги“, поддржан од Европската унија како грант договор, а спроведуван од Центарот за управување со промени, во соработка со Асоцијација Зенит

Салата за јавни услуги и преку кое ќе биде остварувана и координацијата со МИОА, да определат лица од редот на своите вработени кои би работеле на нивниот шалтер и да определат ИТ лица од нивната институцијата кои во соработка со ИТ лица од МИОА и со стручните лица од испорачувачот на Огнениот Ѕид (Firewall) ќе ја конфигурираат VPN конекцијата.

Во однос на услугите кои граѓаните треба да ги добиваат по електронски пат, направена е анализа со препораки за одредување на висината на надоместоците за е-услуги (А.4.2.4.8) во рамки на ИПА 2012. Во наредниот период препораките и анализата ќе бидат предмет на разгледување и проценка на нивната прифатливост, како на инситуционално, така и на ниво на Влада. Во рамки на истиот проект направена е и студија за изводливост на следните центри и дефинирање на минимум услови за воспоставување на нови ЕТУ (А.4.2.5.2.) Развој на комуникациски план и промоција на центрите (А.4.2.5.4), ќе биде предизвик за наредниот период.

Како поддршка на порталот за е-услуги, особено на почетокот на пуштање во продукција на истиот и Салата за јавни услуги, планирано е повторно да се активира бројот 15 111 (А4.2.5.5). Направени се првите чекори за подобрување на работењето на кол центарот (15 111), односно формирана е работна група која треба да направи конкретни чекори за негова успешна трансформација во вистинска помош/сервис за граѓаните.

**Посебна цел 4.3: Дигитална средина која дава пристап до и можност за користење на е-услуги**

Оваа цел е поврзана со градење на функционална инфрастурктура за обезбедување на е-услуги кон корисниците (граѓаните и бизнисите), преку дигитализација на сите потребни компоненти.
Во рамки на активностите кои се спровеле за постигнување на оваа посебна цел имплементирани се следниве активности:

Националниот портал за е-услуги, односно развојот на Национален портал (според „животни настани“) (А.4.3.1.5), развој на нови или надградба на постоечки е-услуги (А.4.3.1.4), како и промоција на порталот (А.4.3.1.6) беа активности во рамки на ИПА 2012 и се во завршна фаза на реализација, со исклучок на самата промоција која ќе биде заедно со промоција и на Регистерот на население, како една целина или

приказна. Дефинирани се начини на поврзување и интеграција, идентификација, дизајн и функционалности, предлог листа на е-услуги и утврдени се категориите и подкатегориите на Националниот портал.

Анализата на е-услуги кои се развиени и кои треба да се интегрираат во порталот, оние кои треба да се надградат на повисоко ниво и оние кои треба да се развијат (А 4.3.1.1.) е континуиран процес кој ќе трае низ годините, а како активност за 2018 е завршена за време на периодот на известување.

Во рамките на ИПА Проектот „Поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација во модернизација на јавната администрација" е обезбедна експертска помош за развој на roadmap за транспонирање на eIDAS директивата (А.4.3.2.1). Во септември 2018 година ќе биде изработена нацрт верзија на roadmap, а финалната верзија се очекува на почетокот на октомври 2018 година. Дополнително, во рамки на МИОА, започнати се активности околку потребите за изводливост за национално решение [со опфат: национален CA v.s. комерцијални издавачи, модели за мобилна идентификација, електронска лична карта, прифаќање на постоечки методи за ел. идентификација како ЕЗК, со препораки за SSO (Single Sign On) решение], односно анализа и студија за истото (А 4.3.2.2.) што ќе биде вистински предизвик не само во рамките на МИОА, но и на ниво на држава.

Во однос на законската регулатива, усогласувањето на Законот за електронско управување со потребите на Националниот портал (А 4.3.1.3.) беше реализирано како преодно решение. Новата законска регулатива за Централен електронски регистар на население (А.4.3.3.4), законската рамка за Националниот портал и е-услугите (А 4.3.1.2)) во јуни месец го помина процесот на јавни консултации (www.ener.gov.mk). Изработени беа нацрт-верзии Закон за централен регистар на население, Закон за електронско управување и електронски услуги и Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, како пакет закони за регулирање на електронското работење и електронските услуги. Во следниот период се очекува нивно усвојување од ВРМ и СРМ.

Во рамките на ИПА Проектот „Поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација во модернизација на јавната администрација", развиено е софтврското решение за развој на Централен електронски регистар на население (А4.3.3.3.). Преземени се податоците од МВР, УВМК и ЦРМ и направени се парсери за

импортирање на податоците во Регистарот на население. Преку ИПА 2013 набавена е опрема - хардверска инфраструктура. Реализирани се два тендери, преку кои се обезбедени мрежни уреди и услуги за колокација.

Како предизвици со кои се соочи и сеуште се соочува МИОА, заедно со ДЕУ и МФ-ЦФЦД, е оддолжување на роковите за реализација на договорот за набавка на опрема, што предизвика оддложување на започнување со продукциска работа. И покрај ова, очекуваме активностите да се завршат до крајот на годината.

## 4. ПРЕДИЗВИЦИ И СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Клучните проблеми и предизвици кои влијаеле врз спроведувањето на активностите истовремено се и приоритети и следни чекори за наредниот период.

Дел од идентификуваните проблеми во спроведувањето на активностите од Стратегијата се:

- Немање можност за споделување на позитивни практики и искуства во врска со методолошкиот пристап во подготвувањето на секторски стратегии во земјите членки на ЕУ;
- Флуктуација на административните службеници кои работат на областите опфатени во стратегијата;
- Доцнење на IPA 2013 проектот – набавка на стоки (Public Administration Reform-Assistance to MISA in modernization of the public administration).

**Следни чекори**

Во наредниот период ќе бидат спроведени мерките и активностите со рок на реализација трет и четврт квартал 2018 година. Во оваа насока дел од активностите на кои ќе се работи во наредниот период се:

- Формирање на меѓуресорска работна група составена од членови од институциите учеснички која ќе работи на дефинирање на стандардизирани трошоци за работа на администрацијата;
- Врз основа на Анализата за инспекциските служби и Извештајот од мапирањето, треба да се пристапи кон подоготовка на модел за реорганизација

на органите на државна управа, агенции и инспециски служби од централна власт;
- Имплементација на активностите од Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор за периодот 2018-2020 година;
- Развивање и спроведување на програма за обуки за имплементација на инструментите за мерење на задоволството;
- Развивање на стандарди, правила и изработка на методологии, планови и насоки;
- Развивањето национална долгорочна ИКТ стратегија (Стратегија за е-влада и Политика за користење на „Облак“ инфраструктура би биле вклучени во истата);
- Подготовка на нова/измена на законската регулатива која го уредува архивското и работење во насока на подобро регулирање на електронското работење;
- Внесување на податоци од закони од кои произлегуваат услуги кон граѓаните и бизнисите во Каталогот на услуги;
- Пуштање во употреба на порталот и регистерот на население;
- Пуштање во функција на Салата за јавни услуги.